Уп. Бр.08-21/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на АЛФИ ПЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија преку Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 22.02.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на контрола од страна на АЛФИ ПЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија над Џенерали Инвестментс ГП1, друштво за инвестиции д.о.о., со регистрирано седиште на Дунајска цеста 63, 1000 Љубљана, Словенија и Џенерали Инвестментс ГП2, друштво за инвестиции д.о.о., со регистрирано седиште на Дунајска цеста 63, 1000 Љубљана, Словенија по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 23.01.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од АЛФИ ПЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија, со која АЛФИ ПЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о. ќе стекне контрола над Џенерали Инвестментс ГП1, друштво за инвестиции д.о.о., со регистрирано седиште на Дунајска цеста 63, 1000 Љубљана, Словенија и Џенерали Инвестментс ГП2, друштво за инвестиции д.о.о., со регистрирано седиште на Дунајска цеста 63, 1000 Љубљана, Словенија по пат на купопродажба на удели.

Џенерали Инвестментс ГП1, друштво за инвестиции д.о.о е комплементар во алтернативниот инвестициски фонд Џенерали Гроут СИС д.о.о. к.д., Дунајска цеста 63, 1000 Љубљана, Словенија, (во понатамошниот текст: Фонд), со статус на специјален инвестициски фонд во форма на дуално друштво, односно се состои од комплементар кој е друштво за ограничена одговорност (во случајот Џенерали Инвестментс ГП1, друштво за инвестиции д.о.о) и командитори кои се инвеститори во Фондот. Управител со Фондот е Џенерали Инвестментс друштво за управување д.о.о..

Џенерали Инвестментс друштво за управување д.о.о.. е сопственик на 100% од уделите во друштвото Џенерали Инвестментс ГП1, друштво за инвестиции д.о.о.

Исто така . Џенерали Инвестментс друштво за управување д.о.о.. е сопственик на 100% од уделите во Џенерали Инвестментс ГП2, друштво за инвестиции д.о.о.

Џенерали Инвестментс ГП2, друштво за инвестиции д.о.о. е комплементар во Џенерали Инвестментс ГП 2 д.о.о., капитални инвестиции, ЦП к.д., со седиште на Дунајска цеста 63, 1000 Љубљана, Словенија, којштo пак е командитор во Фондот.

АЛФИ ПЕ ќе го превземе и капиталното вложување на командиторот Џенерали Инвестментс друштво за управување д.о.о.. во Џенерали Инвестментс ГП 2 д.о.о., капитални инвестиции, ЦП к.д.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**АЛФИ ПЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови д.о.о.** е активно во областа на управување со фондови. Друштвото е управител на алтернативни инвестициски фондови регистриран во Словенечката агенција за пазари на хартии од вредност.

АЛФИ ПЕ д.о.о. е член на АЛФИ СКЛАДИ, најголемата групација за управување со алтернативни инвестициски фондови во Словенија. АЛФИ ПЕ д.о.о. управува и со најголемиот приватен капитален фонд основан во Словенија, АЛФИ ПЕ СИС к.д.

Алфи Групата <u>има регистрирано присуство</u> во Република Северна Македонија преку:

- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. Христо Татарчев 121-Г, Кисела Вода, Скопје, друштво специјализирано во собирање и наплата на сметки и кредитни канцеларии и
- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно во трговија на големо со друга стока за домаќинства.

**Џенерали Инвестментс ГП1, друштво за инвестиции д.о.о и Џенерали Инвестментс ГП2, друштво за инвестиции д.о.о.** се регистрирани како друштва чија дејност е фокусирана на управување со друштва.

Фондот поддржува и инвестира во мали и средни претпријатија. Истиот е посветен на додавање вредност и обезбедување капитал за раст или проширување на компаниите во кои инвестира, постигнувајќи ги притоа долгорочните цели на компаниите. Компаниите во кои инвестира се со изгледи за силен раст и проширување, потоа компании во процес на преструктуирање на сопственоста, компании со одржливи конкурентски предности и компании со развиени комерцијални производи кои бараат капитал за раст.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на

ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.
Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**